**20160722106**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 63 став (9) од Законот за Царинската управа ("Службен весник на Република Македонија, број 46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12, 43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15 и 23/16), министерот за финансии, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ЦАРИНСКИ СЛУЖБЕНИК ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на полагање на стручниот испит за царински службеник.

Член 2

Стручен испит за царински службеник полага вработен во Царинската управа кој не е царински службеник, а согласно со Законот за административни службеници е распореден на соодветно работно место на царински службеник.

Член 3

(1) Стручниот испит се полага пред Комисија за полагање на стручен испит (во натамошниот текст: Комисија).

(2) Комисијата е составена од претседател и два члена и нивни заменици. За извршување на административните работи на комисијата се назначува административен секретар и негов заменик.

Член 4

(1) Стручниот испит се состои од прашања од областа на царинските прописи и други прописи поврзани со царинското работење.

(2) Стручниот испит се полага писмено.

(3) Времетраењето на полагањето на стручниот испит изнесува два часа.

Член 5

(1) Ако стручниот испит го полагаат едновремено повеќе кандидати, за време на одржување на испитот не е дозволен разговор, договарање и помагање меѓу кандидатите, нарушување на редот на полагањето и напуштање на просторијата во која се спроведува полагањето.

(2) Ако се констатира едно од наведените дејствија од ставот (1) на овој член, кандидатот може да биде отстранет од полагањето на испитот. Во тој случај се смета дека кандидатот не го положил испитот.

Член 6

(1) Ако кандидатот кој е уредно поканет не се појави на испитот за царински службеник или се откаже во текот на полагањето на испитот, се смета дека не го положил испитот.

(2) Царинскиот службеник кој од оправдани причини нема да се јави на испит или го напушти испитот (поради болест или други оправдани причини) има право во рок од 15 дена по престанување на причината да го полага испитот.

(3) Оправданоста се докажува со писмен доказ, кој се доставува до Комисијата.

(4) Доказот од став (3) на овој член се доставува најдоцна 15 дена по завршувањето на испитот или по престанување на причината за спреченост.

Член 7

Ако кандидатот, при полагањето на стручниот испит точно одговори на најмалку 70% од прашањата, се смета дека го положил стручниот испит.

Член 8

(1) Царинскиот службеник кој нема да го положи стручниот испит има право повторно да го полага стручниот испит најрано 15 дена од денот на полагањето на испитот кој не го положил.

(2) Ако царинскиот службеник не го положи поправниот стручен испит се смета дека не го положил стручниот испит.

Член 9

(1) За полагањето на стручниот испит, Комисијата изготвува записник за спроведен стручен испит кој содржи: датум, време и место на полагање на испитот, име и презиме на кандидатите, резултатите од испитот и други прашања поврзани со спроведувањето на испитот.

(2) Записникот од став (1) од овој член се доставува до организационата единица за управување со човечки ресурси на Царинската управа.

(3) Примерок од прашањата од стручниот испит и записникот од став (1) на овој член се чуваат во персоналното досие на царинскиот службеник.

Член 10

За постигнатите резултати кандидатот се известува најдоцна три дена по спроведениот стручен испит.

Член 11

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за постапката поврзана со третманот на царинскиот службеник на пробна работа, начинот на полагање на стручен испит и програма („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/12).

Член 12

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 20-1284/4
28 март 2016 година
Скопје

Министер за финансии,
**м-р Зоран Ставрески,** с.р.